

# МАЕСТРАЛНИОТ АЛЕКСАНДАР РУСЈАКОВ ВРЕДИ ДА СЕ ПРОЧИТА

Христовото учење, како камен-темелник на Вистината, ги учи верните дека за сè треба да му благодарат на Бога. Сеедно дали станува збор за радост или трагедија, среќа или болест, мир или вознемиреност, награда или казна, Божјата премудрост ја креира вечноста и Неговата промисла не можеме да ја разбереме со нашата логика, затоа што духовното слепило го заштитивме како бренд. Оттука, нашето битисување среде просторот и времето не е случајно. Нашето време е миг за вечноста. Затоа треба да го зграпчиме мигот, да го живееме мигот, да го исполниме со добри дела, а не само со ласкави зборови.

Му благодарам на Бога што ги живеам времево и просторов. Време – почеток на 21 век, простор – Република Македонија. Како што мироносците ја посведочиле Христовата

голгота, а светите маченици страдајќи ја сведочеле Христовата вистина, како што стотици илјади невини жени горејќи во оган ја посведочиле безумноста на инквизицијата, како што Хармс, Есенин, Мајаковски, Солженицин и милиони други сведоци страдале од советската диктатура, а Евреите од листата на Шиндлер го сведочеле нацистичкиот геноцид, така и ние сме тука да ја посведочиме македонската голгота, измачувањата што ги врши врз нас изопачената светска моќ, која како некоја безумна инквизиција ни воведе диктатура на лажната демократија со една единствена цел, спроведување идентитетски геноцид врз Македонците. А нема генерација Македонци што не страдале сведочејќи ја македонската голгота. И не, не треба да се жалиме, да лелекаме, да роптаме. Напротив, страдањето и маченииштвото живеени и преживеани заради сведочење на Вистината се случуваат за да се обелодени, разголи и изобличи злото. Самото зло, во секоја негова форма, не може да се победи никако поинаку, освен преку добри дела.

Македонија низ историјата била парчосувана, укинувана, тероризирана. Ама секогаш, како феникс повторно се кревала. Но сето тоа страдање се случувало под окупација. Она што нас нè плашеше, нас кои одлучивме да застанеме во одбрана на името и идентитетот и така ја сведочиме македонската голгота на почетокот од 21 век, е фактот дека овој пат ликвидацијата на Македонија и идентитетскиот геноцид требаше да ги спроведе македонскиот народ во сопствената слободна и суверена република, а не некаковси окупатор. На 30 септември 2018 година, овој страв и дилемата произлезена од него засекогаш се решени. На референдумот две третини од македонскиот народ, бојкотирајќи ја триглавата безумност на поставеното прашање, дадоа до знаење дека ова парче земја ќе остане Република Македонија, потврдувајќи ја сопствената референдумска одлука од 1991 година. Така народот одлучи. Во нормални време и простор сето ова би било прифатено… па, нормално. Но ова ниту е нормален век, а среде овој наш простор наречен Македонија, само безумното се третира за нормално.

Што уште да се каже за референдумот а веќе да не е кажано? Целта на оваа колумна е демаскирање на злото. А злото, веќе реков, треба да се обелодени, разголи и изобличи. Неговото јасно обелоденување траеше од 27 април 2014 до 27 април 2017 година, преку специјалната војна на изопачената светска моќ против Република Македонија. Од наредбата на „длабоката држава“ Заев да не ги признае изборните резултати, преку прислушуваните разговори доставени од британските тајни служби, до злосторничкото здружување за нелегитимен избор на собранискиот претседател и уништување на движењето „За заедничка Македонија“, целта не беше рушење на власта на ВМРО-ДПМНЕ, туку рушење на македонската држава. Им успеа. Но за оние што знаат да ја читаат реалноста меѓу редови, злото беше обелоденето. Таквото обелоденето зло само се разголува. Тоа се случи од октроирањето на недемократската власт до потпишувањето на договорот со Грција во Преспа. Платформа од туѓа земја, договор со друга соседна земја со кој се откажуваме од сопственото малцинство и историја, политичко-полициски монтиран случај и тортура врз уставобранителите, криминалци по улиците, терор, кражби, убиства, тендери, фондови за иновации и, на крајот, договор со трета соседна земја, со кој сами си ги укинуваме името и идентитетот, ете вака се разголи злото. За овој дел од македонската голгота имам напишано десетици колумни. Затоа ќе преминам на последната фаза од демаскирање на злото, неговото

изобличување.

Основните алатки на злото се лагите и манипулациите, лицемерството и двојните стандарди, уцените, притисоците и насилството. Сето ова, со најголем интензитет, го почувствувавме врз нас од потпишувањето на договорот со Грција до одржувањето на референдумот. „Длабоката држава“, ЕУ, НАТО и нивната окторирана власт тука буквално нè силуваа со својата незаконска предреферендумска кампања. Се истурија милиони евра од домашниот буџет, од даночните обврзници на САД и ЕУ, но и црните пари на изопачената моќ наменети за операции како нашава, укинување на еден народ и држава. Македонија заличи на јавна куќа за светски моќници. Ни се редеа со своите лаги и уцени, се закануваа дека ако не гласаме немаме право на мислење, ги исфрлија од себе сите наталожени фрустрации што не смеат ни да ги помислат дома, а истовремено, сметајќи нè за малоумни, тврдеа дека Руси ни го переле мозокот. ЕУ отиде дотаму што злоупотреби деца за својата политичка кампања ставајќи ги на плакати. Ги лажеа граѓаните дека во ЕУ ќе имаат бесплатно здравство, дека Унијата двоела по 260.000 евра дневно за нас. Така малтретираа странците, додека нивните тукашни октроирани поданици ја впрегнаа својата криминална машинерија, па тргнаа да потплаќаат, уценуваат и заструшуваат. И пак им рокна референдумот.

Сеедно што на денот на одржувањето како здивени полнеа кутии. Во некои општини излегува дека на секои 6 секунди некој ставал ливче во кутијата. Е, ама пропадна референдумот, не стигнаа до цензус, бројките излегоа катастрофални и покрај полнењето кутии. И што направија? Разобличеното зло го губи тлото под нозете, па си прогласија победа без цензус. Тукашните си прогласија победа, светските моќници им ја честитаа. Демек ние сме морони, па не ги паметиме референдумот во Каталонија и однесувањето на светската изопачена моќ кон него. Тука завршувам, ако ви требаат уште докази за демаскирање на злото, тогаш навистина сте при очи слепи. Но злото нема да го напушти бојното поле, каде што од позиција на неконтролирана моќ беше поразено од еден мал, но силен народ. Најголемите злосторства германските нацисти ги направија повлекувајќи се, откако беа поразени. Битките за спас на Македонија и нашиот идентитет допрва претстојат.

https://republikamakedonija1.blogspot.com/2018/10/blog-post_96.html